Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен Инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor

ИП1 бр. 29-118 (15-283)
Дата:01.04.2025 година
Скопје,

Државниот Инспекторат за животна средина преку инспекторот Хусни Тачи, со службена легитимација број 06-0020, изврши Контролен инспекциски надзор во ПТД ГОЛЕЦ ТРАНС ДООЕЛ со седиште во с. Желино, општина Желино, застапувано од Амди Љатифи –управител и со Записник ИП1 бр. 29-118 (15-283) од 28.03.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став 7 од Закон за животна средина, ( Сл.весник на Р.М. бр. 53/2005.....99/2018 и Сл.весник на Р.С.М. бр. 89/2022.....3/2025), член 33 став 1 и 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина, ( Сл.весник на Р.С.М. бр. 99/2022) и член 83 од Законот за инспекциски надзор ( Сл весник на РСМ бр 50/11...102/2019) донесе:

## РЕШЕНИЕ

За определување дополнителни рокови за постапување на ПТД ГОЛЕЦ ТРАНС ДООЕЛ со седиште во с. Желино, општина Желино, застапувано од Амди Љатифи – управител по приемот на оваа решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот ИП1 бр. 29-118 (15-283) од 28.03.2025 година и тоа:

1. Да изврши мерења на квалитетот на технолошка отпадна вода која се испушта во реципиент река Вардар
   Рок:20 (дваесет ) дена;
2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 на оваа решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот Инспекторат за животна средина на ден 28.03.2025 година изврши Контролен инспекциски надзор на бетонската база ПТД ГОЛЕЦ ТРАНС ДООЕЛ со седиште во с. Желино, општина Желино, при што се изготви Записник ИП1 бр. 29-118 (15-283). Од увидот се констатираше дека, Правниот субјект ја врши дејноста: Вадење на песок, чакал, глина и каолин за потребите на бетонската база за производство на готова бетонска смеса, за која поседува Б-интегрирана еколошка дозвола издадена од МЖСПП.

ПТД ГОЛЕЦ ТРАНС ДООЕЛ, с. Желино, општина Желино има постапено во рок согласно точка 1 од решението ИП1 бр. 15-283 од 27.01.2025 односно извршил изврши чистење, поправка и подобрување на процесот за таложење на отпадната вода, пред испуштање во реципиент река Вардар;

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2, Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2, Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E info @ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

ПТД ГОЛЕЦ ТРАНС ДООЕЛ, с. Желино, општина Желино не постапил во рок согласно точка 2 од решението ИП1 бр. 15-283 од 27.01.2025 година, односно нема извршено мерења на квалитетот на технолошка отпадна вода која се испушта во реципиент река Вардар. При надзорот се констатираше дека, правното лице има поднесено барање по електронска пошта до Централната Лабораторија за животна средина-Скопје при МЖСПП за потребата од извршување од мерења на загадувачките субстанци во отпадната вода од процесот на миење на песокот што се користи како минерална суровина за производство на бетон. На барањето на субјектот добиен е одговор дека, согласно динамиката и распоредот на субјектите кои имаат поднесено барање за извшрување на мерења во ПДТ ГОЛЕЦ ТРАНС ДООЕЛ, с. Желино мерењата ќе се вршат во првата недела од месец април 2025 година.
Од погоре наведеното се донесе: Решение како во диспозитивот.

Доколку во определениот рок не постапи по оваа решение,Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка , согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М. бр:53/2005,81/2005,24/2007,159/2008,83/2009,48/2010,51/2011,123/12,..129/15,39/16и99/18).

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението.
Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.
Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Скопје под ИП1 бр. 29-118 (15-283) на ден 01.04.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Хусни Тачи, Главен инспектор

Доставено до:
-Архива,
- ПТД ГОЛЕЦ ТРАНС ДООЕЛ с. Желино,
Општина Желино

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2, Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe
Planifikimit Hapësinor
**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2, Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E info @ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk